# БАРАЊА И ОДГОВОРИ ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2022 ГОДИНА

<table>
<tr><td>Реден број:</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Архивски број на поднесено барање:</td><td>02-365/1</td></tr>
<tr><td>Датум:</td><td>17.01.2022</td></tr>
<tr><td>Опис на информација до која се бара пристап:</td><td>Информација за износот на неплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во ЈП xxx, за периодот од 01.10.2003 година до 31.12.2021 година специфицирано за секоја година посебно и севкупно за целиот период пресметано во денари и во противвредност во евра.</td></tr>
<tr><td>Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер:</td><td>Согласно евиденциите со кои располага Управата за јавни приходи Ви доставуваме Информација за износот на неплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во ЈП xxx, за периодот од 01.07.2009 година до 01.05.2021 година специфицирано за секоја година посебно и севкупно за целиот период пресметано во денари.<br><br>
<table>
<tr><th>Период</th><th>Износ</th></tr>
<tr><td>од 01/07/2009 до 12/2009</td><td>1,678,591,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2010 до 12/2010</td><td>2,564,746,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2011 до 12/2011</td><td>2,277,187,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2012 до 12/2012</td><td>1,833,985,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2013 до 12/2013</td><td>1,140,123,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2014 до 12/2014</td><td>1,045,350,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2015 до 12/2015</td><td>1,045,839,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2016 до 12/2016</td><td>1,251,411,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2017 до 12/2017</td><td>1,057,771,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2018 до 12/2018</td><td>939,882,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2019 до 12/2019</td><td>891,128,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2020 до 12/2020</td><td>793,493,00 денари</td></tr>
<tr><td>од 01/2021 до 05/2021</td><td>279,860,00 денари</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>Реден број:</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Архивски број на поднесено барање:</td><td>02-430/1</td></tr>
<tr><td>Датум:</td><td>18.01.2022</td></tr>
<tr><td>Опис на информација до која се бара пристап:</td><td>Број на издадени фискални сметки - вкупно, на ниво на држава, за последните 3 години (месечно, квартално и/или годишно ниво</td></tr>
<tr><td>Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер:</td><td>Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-430/1 од 18.01.2022 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достават податоци за „број на издадени фискални сметки - вкупно, на ниво на држава, за последните 3 години (месечно, квартално и/или годишно ниво, соглано евиденциите со кои располага Управата за јавни приходи Ви го доставуваме следниот податок:<br><br>
<table>
<tr><th>Период/година</th><th>Издадени фискални сметки</th></tr>
<tr><td>2019</td><td>740.683.836</td></tr>
<tr><td>2020</td><td>602.963.131</td></tr>
<tr><td>2021</td><td>674.039.212</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

бул. „Кузман Јосифовски - Питу“ бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 3 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-601/1 |
| Датум: | 25.01.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Број на непрофитни организации (Национална класификација на дејности 94.99), организационен облик 10.0 коишто се во Билансот на приходи и расходи прикажале приход од изгледот на изворите:<br>Приходи од продажба на производи и стоки (АОП код: 241):<br>Вкупен број на горенаведените субјекти ххх,  Вкупно ниво на приход ххх МКД<br>Приходи од услуги (АОП код: 242):<br>Вкупно број на горенаведените субјекти ххх:<br>Вкупно ниво на приход ххх МКД<br>Приходи од закупнина и закуп (шифра на АОП: 245):<br>Вкупен број на горенаведените субјекти ххх;<br>Вкупно ниво на приход ххх МКД<br>Сопствен приход (шифра на АОП: 246):<br>Вкупен број на горенаведените субјекти ххх;<br>Вкупно ниво на приход ххх МКД<br><br>Вкупен број на непрофитни организации (Национална класификација на дејности 94.99), организационен облик 10.0 коишто во Билансот на приходите и расходите прикажале приход од кој било од горе – споменатите извори на приходи (АОП: 241, 242, 245 и 246).<br>Број на непрофитни организации со Национална класифкција на дејности 94.99 и организационен облик 10.0 кои во Билансот на приходи и расходи пријавиле приходи од продажба на производи, стоки и услуги во последните опсези на приходи:<br>• Под 5.000 евра ххх<br>• 5.000 – 16.000 евра ххх<br>• 16.000 – 32.000 евра ххх<br>• 32.000 – 50.000 евра ххх<br>• Повеќе од 50.000 евра ххх<br><br>Бараните информации се однесуваат за 2019 и 2020 година засебно. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ќе се проследи на запознавање и натамошно постапување до Централен регистар. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 4 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-753/1 |
| Датум: | 01.02.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Бараме информација, за извршена проверка за начинот на функционирање на синдикална организацииja, Самостоен синдикат на работници од ххх, застапувана од ххх, дали синдикалната организација дејствува за суштината за која постои и во рамките на Законот. Сметаме дека информацијата е од јавен карактер, и дека е значајно и од јавен интерес да ја имаме како членови на синдикалната организација. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | По разгледување на доставеното барање, имателот на информации утврди дека неможе да даде информација дали е извршена надворешна контрола кај Самостојниот синдикат на работници ххх застапувана од ххх и неможе да достави извадоци од записниците од надворешната контрола поради доверливост на податоците кои како информација се исклучени од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 6, став, 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од  јавен карактер а во врска член 9 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06....„Службен весник на РСМ“, бр.275/19 и 290/20) согласно кои одредби податоците и информациите добиени при спроведување на даночна постапка служат исклучиво за даночни цели, односно за спроведување на оданочување. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 5 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-894/1 |
| Датум: | 07.02.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Како овластен носител на статистичка дејност според Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20) ве молиме:<br>1. Податоци за просечна месечна нето плата по работник, разделени по пол, за јануари 2021, јуни 2021, декември 2021 и јануари 2022 година.<br>2. Податоци за број на пријавени и исплатени обврзници, разделени по пол за јануари 2021, јуни 2021, декември 2021 и јануари 2022 година.<br>Податоци за пријавена и исплатена нето основица за жени и за мажи (според исплата на ПДД за лицето), за јануари 2021, јуни 2021, декември 2021 и јануари 2022 година |
| Одговор од страна на Иматель на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ќе се проследи на запознавање и натамошно постапување до Државен завод за статистика. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 6 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-972/1 од 10.02.2022<br>02-1015/1 од 14.02.2022 |
| Датум: | |
| Опис на информација до која се бара пристап: | *Барање број 1* - Допис број 02-972/1 од 10.02.2022 година препратено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од xxx со кое е побарана следната информација:<br>Колкав износ на средства Министерството за финансии наплатило од данок на добивка на компании кои одгледуваат канабис и произведуваат преработки од канабис во 2020 и 2021 година?<br>**Напомена**: Ве молиме вкупен износ на наплатени средства во 2020 и 2021 година да ни го прикажете поединечно за секоја година.<br><br>*Барање број 2* - Допис број 02-1015/1 од 14.02.2022 година препратено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер исто така поднесено од xxx, со кое е побарана следната информација:<br>Колкав износ на средства (данок на додадена вредност и останати давачки) наплатило Министерството за финансии во 2020 и 2021 година по основ на промет на преработки од канабис<br>**Напомена**: Ве молиме за секој вид на данок/јавна давачка доставете ни вкупен износ на наплатени средства во 2020 и 2021 година поединечно. |
| Одговор од страна на Иматель на информации од јавен карактер: | Согласно евиденциите со кои располага Управата за јавни приходи се утврди дека податоци за уплатен износ на средства по данок на додадена вредност – ДДВ и данок на добивна - ДД за 2020 и 2021 година може да обработи само по шифра на дејност 01.28 - Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата при што увидено е дека под наведената шифра се влезени и други видови на растенија кои се одгледуваат за употреба во фармацијата и согласно тоа Управата за јавни приходи не може да направи издвојување колкав е износот што е платен како данок од правните лица кои одгледуваат канабис и произведуваат преработки од канабис<br>• *Состојба ДДВ од трезор + Увозен ДДВ од пратки од царина*<br>• *Записи преземени на 17/01/2021 година од Централен сервер на УЈП*<br>• *Дејноста придружена на обврзниците е според матичната евиденција на УЈП на 17/01/2022* |

| Година | Дејност ПКД од Матична евиденција на 17/01/2022 - Централен сервер | Опис дејност НКД | ДДВ Приходи од инспекциски наод (Ј-уплати) | О-исплати | Вкупно ПИН | Споредни даночни давачки уплати | О-исплати | Вкупно СДД | Останато од трезор (уплати) | О-исплати | Вкупно останато од трезор | Увозен ДДВ од пратки од ЦУ (уплати) | О-исплати | Вкупно Увозен ДДВ од пратки од ЦУ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 51.045 | | 51.045 | 31.474 | | 31.474 | 1.922.320 | -206.940.889 | -205.018.569 | 76.820.800 | | 76.820.800 | -128.115.250 |
| 2021 | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 32.845 | | 32.845 | 7.545 | | 7.545 | 2.367.759 | -227.443.834 | -225.076.075 | 95.461.209 | | 95.461.209 | -129.574.476 |



Твој данок, твоја иднина!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| Година | Дејност НКД од Матична евиденција на 17/01/2022 - Централен сервер | Опис дејност НКД | Сметка | Опис сметка | ДД Приходи од J-уплати | О-исплати | Вкупно -ПИН | Споредни даночни давачки J-уплати | О-исплати | Вкупно -СДД | Останато од трезор J-уплати | О-исплати | Вкупно останато од трезор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01060 | данок на доход по годишен даночен биланс од трговски друштва, јавни претпријатија и кај други правни лица | | | | | | | 233.816 | | 233.816 | 233.816 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01076 | месечни аконтации на данок на добивка од трговски друштва, јавни претпријатија и кај други правни лица | | | | | | | 1.100.205 | | 1.100.205 | 1.100.205 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01097 | задржан данок на приход платен на странски правни лица | | | | | | | 581.173 | | 581.173 | 581.173 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01146 | камата за ненавремено плаање на задржан данок на приход платен на странски правни лица | | | | | | | 390 | | 390 | 390 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01151 | годишен данок на вкупен приход | | | | | | | 32.587 | | 32.587 | 32.587 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01193 | камата за ненавремено плаќање на данок на добивка | | | | | | | | | | |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02762 | Утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | 309.963 | | 309.963 | | | | | | | 309.963 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02778 | Камата за ненавремено плаќање на утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | 9.543 | | 9.543 | | | | | | | 9.543 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02799 | еднократна посебна такса за присилна наплата на даночни долгови | | | | 3.249 | | 3.249 | | | | 3.249 |
| 2020 Вкупно ДД | | | | | 319.506 | | 319.506 | 3.249 | | 3.249 | 1.948.171 | | 1.948.171 | 2.270.926 |

| Година | Дејност НКД од Матична евиденција на 17/01/2022 - Централен сервер | Опис дејност НКД | Сметка | Опис сметка | ДД Приходи од инспекциски наод J-уплати | О-исплати | Вкупно -ПИН | Споредни даночни давачки J-уплати | О-исплати | Вкупно -СДД | Останато од трезор J-уплати | О-исплати | Вкупно останато од трезор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01060 | данок на доход по годишен даночен биланс од трговски друштва, јавни претпријатија и кај други правни лица | | | | | | | 1.300.857 | | 1.300.857 | 1.300.857 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01076 | месечни аконтации на данок на добивка од трговски друштва, јавни претпријатија и кај други правни лица | | | | | | | 1.121.799 | | 1.121.799 | 1.121.799 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01097 | задржан данок на приход платен на странски правни лица | | | | | | | 227.968 | | 227.968 | 227.968 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01146 | камата за ненавремено плаање на задржан данок на приход платен на странски правни лица | | | | | | | 1.302 | | 1.302 | 1.302 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01151 | годишен данок на вкупен приход | | | | | | | 77.879 | | 77.879 | 77.879 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 01193 | камата за ненавремено плаќање на данок на добивка | | | | | | | 300 | | 300 | 300 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02762 | Утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | | | | | | | | | | |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02778 | Камата за ненавремено плаќање на утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | 2.777 | | 2.777 | | | | | | | 2.777 |
| | 01.28 | Одгледување на зачински ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата | 02799 | еднократна посебна такса за присилна наплата на даночни долгови | | | | | | | | | | |
| 2021 Vkupno | | | | | 2.777 | | 2.777 | | | | 2.730.105 | | 2.730.105 | 2.732.882 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 7 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1233/1 |
| Датум: | 24.02.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Завршни сметки на Јавното претпријатие ххх и со број на трансакциска сметка ххх АД - Скопје за 2003 година, за 2004 година и за 2005 година |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ќе се проследи на запознавање и натамошно постапување до Централен регистар. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 8 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1316/1 |
| Датум: | 28.02.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Ве замолуваме за информација во однос на надлежностите на Управата за јавни приходи кога станува збор за прилив на финансиски средства врз основа на донации сторени од страна на едно физичко (примател на донација):<br>1. Доставете ни информација дали, физичко лице примател на донација е должно да ја извести УЈП дека примените финансиски средства на трансакциска сметка се примени по основ на донација?<br>2. Доставете ни информација, дали УЈП има евиденција при прилив на средства дали истите се примени на трансакциска по основ на донација или сите примени парични средства на трансакциска сметка се водат како личен доход?<br>3. Доставете ни информација дали, УЈП кога станува збор за прилив на финансиски средства од едно на друго физичко лице смета дека е донација доколку исклучиво во цел на дознака на уплатницата е наведено "ДОНАЦИЈА"<br>4. Доставете ни информација, дали Центарот за социјална работа при барање и обработка на податоците од УЈП може да утврди врз кој основ се примени паричните средства, односно дали се работи за донација или личен приход.<br>5. Доставете ни информација, дали за финансиска донација дадена на физичко лице се сметаат донации извршени согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во случај кога физичко лице прима донација од друго физичко лице, физичкото лице-примател на донацијата нема обврска донацијата да ја пријави во Управата за јавни приходи, ниту пак е предмет на оданочување согласно одредбите од Законот за данокот на личен доход, под претпоставка дека истие се претходно оданочени од давателот на донацијата (физичко лице).<br>Во член 12 став 1 точка 32 од Законот за данок на личен доход ("Сл весник на РМ" бр.241/18 и "Сл весник на РСМ" 275/19 и 290/20), во понатамошниот текст ЗДЛД), данок на доход не се плаќа и на исплатени донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации кои се користат за хуманитарни цели.<br>Според напред наведената одредба, доколку исплатените донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации се во помал или еднаков износ од износот на профактурата /фактурата издадена од Здраствената установа за лекување, во тој случај нема обврска за пресметување и плаќање на данокот на личен доход ниту пак физичкото лице има обврска да го пријави во Управата за јавни приходи.<br>Во член 12 став 1 точка 31 од ЗДЛД, утврдено е дека данок на доход не се плаќа на финансиска помош на физички лица - резиденти на Република Македонија која се користи за лекување во земјата или во странство, согласно лекарска документација и документација за трошоците за лекување (фактура, односно профактура) издадена од страна на здравствената установа која го извршила или ќе го изврши лекувањето, како и документирани трошоци за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето.<br>Според наведената одредба, доколку исплатените донирани финансиски средства за таа намена на физичкото лице се во помал или еднаков износ од износот на профактурата /фактурата издадена од Здраствената установа и сметките за другите признати трошоци поврзани со лекувањето, во тој случај нема обврска за пресметување и плаќање на данокот на личен доход, ниту пак има обврска да го пријави во Управата за јавни приходи.<br>Доколку пак, така исплатените средства на физичкото лице се во поголем износ од износот на признатите трошоци од членот 12 став 1 точка 31 на ЗДЛД, физичкото лице има обврска согласно член 71 став 2 од ЗДЛД за износот над признатите трошоци за лекување, со поднесување на електронска пресметка до органот за јавни приходи да пресмета и плати данок на личен доход.<br>Основа за пресметување на данокот на друг доход е бруто доходот, односно во конкретниот случај износот над признатите трошоци.<br>Имајќи го во предвид член 88 став 1 точка 8 од ЗДЛД, доколку физичкото лице добие финансиски |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | средства за посочената намена од повеќе донатори во поголем износ од потрошените поврзано со лекувањето, има обврска разликата помеѓу примените донации и потрошените за намената согласно член 12 став 1 точка 31 да ги пријави во Управата за јавни приходи како остварен доход со поднесување на електронска пресметка преку системот e-pdd.ujp.gov.mk и докази во прилог до 10-ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец<br><br>*Според Законот за донации и спонзорства во јавните дејности*<br>Согласно член 3 точка 4 од од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014; 153/2015), јавен интерес е поддржување или промовирање на дејности во областа на заштитата на човековите права, на промоција на културата, етиката, образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електронските податоци, спортот, заштитата на животната средина, социо-хуманитарните дејности, развојот на граѓанското општество, промовирање на крводарителството, промоција на меѓународната соработка и други дејности утврдени со закон.<br>Согласно член 4 став 1 од ЗДСЈД, давателот и примателот на донацијата и спонзорството склучуваат договор во писмена форма, согласно со Законот за облигационите односи. Предмет на договорот мора да биде остварување на јавен интерес определен со членот 3 точка 4 одЗДСЈД.<br>По исклучок од член 4 став 1 од ЗДСЈД, кога примател на донација е здружение или фондација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес согласно со Законот за здруженија и фондации или кога примател на донација е здружение или фондација која согласно со основачкиот акт е основана за конкретна финансиска поддршка во врска со јавен интерес утврден со закон, може да не се склучува договор во писмена форма, при што како основ за даночно поттикнување ќе се смета извршената уплата на финансиски средства на посебна трансакциска сметка на примателот на донацијата за таа намена, од моментот на упис во регистар на здружение или фондација согласно со закон до конечното остварување на јавниот интерес за кој се дава конкретна финансиска поддршка (член 4 став 2 од ЗДСЈД).<br>Согласно член 6 став 1 од ЗДСЈД, давател на донација и спонзорството може да биде домашно и странско физичко и правно лице.<br>Согласно член 7 од ЗДСЈД, примател на донација може да биде домашно правно лице.<br>Правата и обврските од договорот за спонзорство мораат да бидат во согласност со Уставот, законите на Република Македонија и со меѓународните договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.<br>Согласно член 12 од ЗДСЈД, давателот и примателот на донацијата и спонзорството имаат право на даночни поттикнувања предвидени со ЗДСЈД.<br>Согласно членот 21 од ЗДСЈД, на барање за потврдување на јавен интерес поднесено до давателот или примателот на донацијата, односно спонзорсвото, Министерството за правда издава решение со кое го потврдува јавниот интерес на дадената донација или спонзорство.<br>Персонален данок на доход не се плаќа на примањата по основ на примени донации во согласност со одредбите на овој закон.<br>Согласно член 3 од Законот за данок на личен доход ("Сл весник на РМ" бр.241/18 и "Сл Весник на РСМ" бр. ... 275/19...290/20 во понатамошниот текст ЗДЛД), под личен доход се подразбираат следните видови доход остварени во земјата и во странство: 1) доход од работа; 2) доход од самостојна дејност; 3) доход од авторски и сродни права; 4) доход од продажба на сопствени земјоделски производи; 5) доход од права од индустриска сопственост; 6) доход од закуп и подзакуп; 7) доход од капитал; 8) капитални добивки; 9) добивки од игри на среќа; 10) доход од осигурување и 11) друг доход.<br>На оданочување подлежи доходот од ставот 1 на овој член што е остварен во пари, во хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.<br>Согласно член 12 став 1 точка 16 од ЗДЛД, данок на доход не се плаќа на примени донации во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.<br>Во однос на прашањето под точка 4 со кое барате да Ви се достави информација дали Центарот за социјална работа при барање и обработка на податоците од УЈП може да утврди врз кој основ се примени паричните средства, односно дали се работи за донација или личен приход, Ве известуваме дека Управата за јавни приходи до Центарот за социјална работа не доставува податок за примена донација. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 9 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1368/1 |
| Датум: | 02.03.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Бараме информација, дали од Ваша страна е извршена контрола во Самостоен синдикат xxx Скопје, застапувана од xxx, и извадоци од Вашите записници кои се дел од извршената контрола. Барањето го доставувам како загрижен член на синдикалната организација, која работи спротивно на постулатите за нејзино постоење, во тајност, наместо јавно, па дадените информации би ни биле од големо значење. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | По разгледување на доставеното барање, имателот на информации утврди дека неможе да даде информација дали е извршена надворешна контрола кај xxx и и неможе да достави извадоци од записниците од надворешната контрола поради доверливост на податоците кои како информација се исклучени од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 6, став, 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер а во врска член 9 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ", бр.13/06....Службен весник на РСМ,, бр.275/19 и 290/20) согласно кои одредби податоците и информациите добиени при спроведување на даночна постапка служат исклучиво за даночни цели, односно за спроведување на оданочување. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 10 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1557/1 |
| Датум: | 11.03.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19 |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | • Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>За 2021 година нема физички лица кои искористиле даночно олеснување за донации.<br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>Со анализа на вкупно примените Извештаи за дадени/примени донации согласно Законот за донации и спонзорства во 2021 година, 164 правни лица донирале на непрофитни организации (здруженија и фонадации) во повеќе наврати.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2021 година.<br>Согласно измените на Законот за данок на добивка (Службен весник 275 од 27.12.2019 година) воведен е член 4-а во кој е утврден посебен режим на оданочување на непрофитните организации така што истите не користат даночнии ослободувања по основ на донации согласно Законот за донации и спонзорства. Во секој случај не е исклучена можноста истите да донираат. Од анализа на вкупно примените извештаи за дадени/примени донации во 2021 година, утврдено е дека 11 правни лица (здруженија и фонадации) извршиле донации во повеке наврати согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19<br>160 субјекти кои водат непрофитно сметководство* користеле некоја од мерките за Ковид 19 за чие спроведување била надлежна УЈП.<br>*тука влегуваат субјектите согласно член 4-а став 1 од Законот за данок на добивка за кои од ЦРРСМ имаме добиено информација дека доставиле Годишна сметка за 2020 година како непрофитни организации. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 11 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1726/1 |
| Датум: | 17.03.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Вкупен број на регистрирани корисници на порталот е-Даноци (https://etax-fl.ujp.gov.mk) заклучно со 31.12.2021, со следната поделба:<br>• физички лица<br>• правни лица |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | (see table and text below) |

| | Обврзници 31/12/2020 | Активни Даночни обврзници ПЛ и СВД | ФЛ со овластувања за ПЛ и СВД | ФЛ без овластувања за ПЛ и СВД | Обврзници на 31/12/2021* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 46,399 | 38,488 | 6,445 | 2,775 | **47,708** |
| **Битола** | 13,675 | 11,859 | 1,273 | 656 | **13,788** |
| **Прилеп** | 11,609 | 9,634 | 1,423 | 615 | **11,672** |
| **Струмица** | 10,551 | 8,211 | 1,658 | 680 | **10,549** |
| **Тетово** | 13,811 | 12,194 | 1,226 | 507 | **13,927** |
| **Штип** | 14,270 | 11,775 | 1,884 | 817 | **14,476** |
| **ДГДО** | 371 | 364 | 0 | 0 | **364** |
| **Вкупно** | **110,686** | **92,525** | **13,909** | **6,050** | **112,484** |

До 31/12/2021година за Е-Даноци се регистрирани вкупно 112.484субјекта, од кои 92.525правни лица и самостојни вршители на дејност, 13.909физички лице кои имаат овластувања од правни лица и СВД за користење на системот, 6.050физички лица кои го користат системот само за себе.
*Во извештајот, земени се во предвид само активните даночни обврзници регистрирани на системот е-Даноци– вкупно 92.525 даночни обврзници (активни 79.559ПЛ и 12.966 СВД на 31.12.2021 година, согласно евиденцијата во Регистарот на даночни обврзници кој го води УЈП).*
*На системот е-Даноци, постојат регистрации за уште 33.259 даночни обврзници (27.891 ПЛ и 6.368СВД , кои се одјавени од Регистарот на даночни обврзници кој го води УЈП , со состојба на 31.12.2021).*

| | |
|---|---|
| Реден број: | 12 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1728/1 |
| Датум: | 17.03.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Does the tax office notify the taxpayers of North Macedonia for the fiscal changes that happen,for example the last change regarding the increase of the minimum wage from 1st March 2022 ?<br><br>As I did search on the tax office website but did not find the official notification.<br>Is there a specific website where I can read the changes that happen regarding fiscal part ?<br><br>Thank you for your help<br>Looking forward to be hearing from you soon |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Управата за јавни приходи објавува на веб страна, електронски медиуми и социјални медиуми за сите измени и новини од даночната сфера.<br><br>Во врска со зголемувањето на минималната плата известуваме дека истата е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.<br>Улогата на Управата за јавни приходи во овој дел е во тоа што е овозможена финансиска помош на компаниите кои треба да исплатат повисока плата . Помошта претставува субвенционирање на придонесите за зголемениот износ на плата која треба да е во минимален износ од 18.000 денари. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | Секоја компанија што исплаќа плата ако бара помош од државата за зголемениот износ треба при поднесување на МПИН да назначи за кој вработен бара помош. Потоа УЈП во рок од 30 дена од исплатената плата го известува МТПС кој се побарал финансиска помош и МТСП ја исплаќа истата кон компаниите<br>Во Законот за минимална плата е објаснета целата постапка, а во тек е изготвување на правилникот за минимална плата каде детално ќе се објасни постапка како да се добие финансиска помош за субвенционирање на придонесите за кои се врши зголемување на платата.<br>Директорката на УЈП и Министерот за финансии беа во посета на компанија кои исплаќаат минимална плата и кои мартовската плата која треба да ја исплатата најдоцна до 15 Април треба да ја исплата во минимален износ од 18 000 денари.<br>(*види линк* [http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/901](http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/901)) |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 13 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2103/1 од 05.04.2022<br>02-2110/1 од 05.04.2022 |
| Датум: | 05.04.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Барателот xxx преку електронска пошта xxx на ден 05.04.2022 година во 11:56 часот од имателот на информации од јавен карактер со барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-2103/1 од 05.04.2022 година и 02-2110/1 од 05.04.2022 година, побара информација, да му се достави поединечна фотокопија од секој поединечен налог за наплата на судска такса доставена од судот до регионална дирекција xxx врз основа на член 30 од Законот за судски такси („Службен весник на РМ„ бр.114/09) и член 140 став 1 точка 1 став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ„ бр.13/06...290/2020), Управата за јавни приходи носи РЕШЕНИЕ за присилна наплата на судски такси од парични средства, а на основа на барање на Основен суд во xxx за поднесени тужби бр.xxx од xxx година. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Имателот на информации од јавен карактер, разгледувајќи го доставеното барање бр.02-2103/1 од 05.04.2022 година на барателот по електронски пат му посочи дека бараната информација не претставува и неможе да се смета како информација од јавен карактер од причина што информацијата може да се добие по редовен пат во даночна постапка согласно член 8 од Законот за даночна постапка („Службен весник, на РМ„ бр.13/06...290/20) истовремено почитувајќи ги и наведените одредби за даночна постапка од членот 9. Воедно на барателот му е посочено за да навремено се постапи по неговото барање од страна на Управата за јавни приходи во даночна постапка, имеилот со кој го доставува барањето ќе се проследи на надлежност и постапување до Регионална дирекција xxx.<br><br>Барателот сметајќи дека вака доставената информација која му е дадена по електронски пат, е-маил од страна на имателот на информации од јавен карактер не е информацијата која барателот ја навел во барањето бр.02-2013/1 од 05.04.2022 година и согласно член 24 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„бр.101/2019), преку електронска пошта xxx истиот ден 05.04.2022 година во 14:17 часот поднел повторено барање за пристап до информација од јавен карактер заведено со архивски број 02-2110/1 од 05.04.2022 година со цел да му се достават на запознавање фотокопии од судски налози за плаќање на судска такса врз основа на кои е донесено решение за присилна наплата на судски такси од парични средства по барање на Основниот суд во xxx а за поднесени тужби xxx од xxx година.<br><br>По разгледување на доставените барања и изготвување на ова решение, имателот на информации утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6, став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019) и дека овозможувањето пристап до информацијата исто така не претставува повреда на обврската за чување на даночна тајна согласно член 9 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ", бр.13/06....290/20), а нејзиното објавување по електронски пат, е-маил нема да предизвика повреда на заштитениот интерес. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 14 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2104/1 |
| Датум: | 05.04.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Колку такси метри се издадени на ххх фирма во ххх<br>EMBS xxx;<br>EDBxxx<br>Во оваа е-пошта ја прикачив Тековната за оваа компанија |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | По разгледување на доставеното барање, имателот на информации утврди дека бараната информација е исклучена од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 6, став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019), со оглед дека тоа е информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 15 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2132/1 |
| Датум: | 06.04.2022 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Дали Друштво за производство, трговија и услуги ххх увоз извоз ххх , со ЕДБС ххх има пријавено ДДВ по однос на фактура<br>бр.ххх од ххх година и во која даночна пријава истата е прикажана.<br>Ова информација ми е потребна за судска постапка во која ја побаруваат оваа фактура за работи кои се вршеле во месец ххх од ххх година (една година претходно) |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | По разгледување на доставеното барање, имателот на информации утврди дека бараната информација е исклучена од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 6, став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019), со оглед дека тоа е информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 16 |
